Република Северна Македонија
Државно правобранителство на
Република Северна Македонија

Republika e Maqedonisë së Veriut
Avokatura Shtetërore Republikës
së Maqedonisë së Veriut

04-389/30
Скопје,**03.08.2023** година

Државно правобранителство
на РепубликаСеверна Македонија
Бул. Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје
Тел.02/3230-214,3230-217
Фах. 02/3229-351e-mail:dpskopje@dprsm.gov.mk

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Служен весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а во врска со објавениот Интерен оглас број 01/23 за унапредување на осум (8) административни службеници во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Државниот правобранител на Република Северна Македонија донесува:

**ОДЛУКА**
**за неизбор на кандидат по Интерен оглас број 01/2023 за унапредување на административен службеник во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за работно место под реден број 2**

1. За извршител на работно место УПР 01 01 В 02 000 Виш соработник за управување системот за управување со ефектот на административните службеници во подрачје Тетово во Одделение за организациски развој и обука во Сектор за управување со човечки ресурси во Државното правобранителство на Република Северна Македонија (1) извршител **не се врши избор**
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр.18-3984/2 .од 23.03.2023 година, Државниот правобранител на Република Северна Македонија упати барање до Секторот за управување со човечки ресурси, Одделение за организациски развој и обука бр.02-357/1 од 05.05.2023 година за отпочнување постапка за унапредување на административни службеници во Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

По добиеното барање, Секторот за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 01/2023 за унапредување на 8 (осум) административни службеници во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, на ден 13.07.2023 година , на веб страна на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и веб страната на Агенцијата за администрација.

Под реден број 2 на интерниот оглас е е работното место УПР 01 01 В 02 000 Виш соработник за управување системот за управување со ефектот на

административните службеници во подрачје Тетово во Одделение за организациски развој и обука во Сектор за управување со човечки ресурси во Државното правобранителство на Република Северна Македонија (1) извршител;

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисија за селекција за унапредување и спроведување на интервју на кандидатите за унапредување, формирана од страна на Државниот правобранител на Република Северна Македонија со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување и спроведување на интервју на кандидатите за унапредување бр. 04-389/25 од 18.07.2023 година, и Измена на Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување и спроведување на интервју на кандидатите за унапредување бр. 04-389/27 од 31.07.2023 година која направи административна селекција на кандидати кој ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

Комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас бр.04-389/26 од 24.07.2023 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник заради спроведување на интервју бр.04-389/28 од 31.07.2023 година, за работно место **под реден број** *2* категорија В 02

На интервјутз пријавениот кандидат не покажа особени задоволителни резултати што се потребни за работното место , поради што Државниот правобранител на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен во рок од 8 дена, сметано од денот на приемот на одпуката.

**ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**AGRON REÇI**

**ДОСТАВЕНО ДО: -Кандидатот**
**-Сектор за управување соЧР**